Врз основа на член 9-а став 15 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 25/00, 96/00, 50/01, 11/02, 31/03, 84/05, 37/06, 18/07, 36/07, 82/08, 98/08, 6/09, 67/09, 50/10, 156/10, 53/11, 26/12, 16/13, 91/13, 187/13, 43/14, 44/14, 97/14, 112/14, 113/14, 188/14, 20/15, 61/15, 98/15, 129/15, 150/15, 154/15, 192/15, 217/15, 27/16, 37/16, 120/16, 142/16 и 171/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19, 77/21, 285/21 и 60/23), министерот за здравство донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ И ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ ШТО СЕ ПЛАЌААТ ВО ПОСТАПКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ЛЕК НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат надоместоците и висината на трошоците што се плаќаат во постапките што се водат за утврдување на лек, односно нутриенс на Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Фондот).

1. Надоместоци за ставање на лек, односно нутриенс на Листата на лекови

Член 2

Во постапката за ставање на лек, односно нутриенс на Листата на лекови, надоместоците што треба да ги плати подносителот на барањето, во зависност од видот на барањето, се:

1. Надоместок за додавање на лек на Листата на лекови по интернационално незаштитено име, односно вообичаено име:

-за една фармацевтска дозирана форма - 400 евра во денарска противвредност, согласно средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: во денарска противвредност),

-за секоја следна фармацевтска дозирана форма - 150 евра во денарска противвредност.

2. Надоместок за додавање на нов АТК код за лек кој се наоѓа на Листата на лекови – 300 евра во денарска противвредност.

3. Надоместок за додавање на нова фармацевтска дозирана форма за лек кој се наоѓа на Листата на лекови, со исто интернационално незаштитено име, односно вообичаено име – 150 евра во денарска противвредност.

4. Надоместок за додавање на нутриенс на Листата на лекови - 150 евра во денарска противвредност.

2. Надоместоци за изменување и/или дополнување на податоци, односно ограничувања и напомени кај лек, односно нутриенс кој се наоѓа на Листата на лекови

Член 3

Во постапката за изменување и/или дополнување на податоци, односно ограничувања и напомени кај лек, односно нутриенс кој се наоѓа на Листата на лекови, надоместокот по барање, што треба да го плати подносителот на барањето е 250 евра во денарска противвредност.

3. Надоместоци за бришење на лек, односно нутриенс од Листата на лекови

Член 4

Во постапката за бришење на лек, односно нутриенс од Листата на лекови по фармацевтска дозирана форма, надоместокот што треба да го плати подносителот на барањето е 100 евра во денарска противвредност.

Член 5

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

**МИНИСТЕР ЗА ЗДРАВСТВО,**
**Dr. Fatmir Mexhiti**

Број: 14-5305/1

08-06-2023 2023 година

Скопје